# ЗАКОН ЗА ШУМАРСКА И ЛОВНА ИНСПЕКЦИЈА

(„Службен весник на Република Македонија" бр. 88/08, 6/10, 36/11, 74/12, 164/13, 43/14, 33/15, 149/15, 53/16 и 83/18)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Содржина и употреба на Законот

**Член 1**

Со овој закон се уредуваат начелата на инспекцискиот надзор, надлежностите, организацијата на инспекцијата, положбата, правата и должностите на инспекторите, постапките на инспекцискиот надзор и други прашања поврзани со инспекцискиот надзор.

**Член 2**

Работите од надлежност на шумарската и ловната инспекција се вршат преку Државниот инспекторат за шумарство и ловство (во натамошниот текст: Инспекторатот), како орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со својство на правно лице, има сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија, самостојно спроведува постапки за вработување и одлучува за правата и обврските од работен однос, согласно со законот.

**Член 3**

Во вршењето на инспекцискиот надзор се применува Законот за општата управна постапка и Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон и Законот за шумите, Законот за ловство и Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја поинаку не е уредено.

## II. НАЧЕЛА

Начело на самостојност

**Член 4**

Инспекторите се самостојни во вршење на задачите од инспекцискиот надзор во рамките на своите овластувања.

Начело на заштита на јавниот интерес и заштита на приватните интереси

**Член 5**

Инспекторите ги вршат задачите на инспекцискиот надзор со цел за заштитување на јавниот интерес, како и интересите на правните и физичките лица.

Начело на јавност

**Член 6**

Инспекторите ја известуваат јавноста за преземените мерки, доколку тоа е потребно да се заштитат правата на правните и физичките лица и во случај кога е потребно за обезбедување на почитување на правниот ред, односно нивните решенија.

Начело на пропорционалност

**Член 7**

(1) Инспекторите мора да ги вршат своите задачи така што при врешење на своите овластувања навлегуваат во работата на правните и физичките лица само во обем кој е нужен за обезбедување на ефикасен инспекциски надзор.

(2) При изборот на мерките, инспекторот ја зема предвид тежината на прекршувањето, изречува мерка која е поповолна за правното или физичкото лице кај кое инспекторот врши надзор доколку со тоа е постигната целта на прописот.

(3) При одредувањето на рокот за отстранување на неправилностите и незаконитостите, инспекторот ја земе предвид тежината на прекршувањето, последиците за јавниот интерес и околностите од кои зависи за кое време лицето е должно да ги отстрани неправилностите.

## III. ДЕЛОКРУГ И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ИНСПЕКТОРАТОТ

1. Државен инспекторат за шумарство и ловство

**Член 8**

Работите од надлежноста на Инспекторатот ги вршат државни инспектори за шумарство и ловство (во натамошниот текст: инспектори).

Статус на инспекторот

**Член 8-а**

(1) Инспекторот е со звање:

1) помлад инспектор;

2) инспектор;

3) виш инспектор;

4) помошник главен инспектор и

5) главен инспектор.

(2) Помлад инспектор може да биде службеник кој ги исполнува условите за звањето помлад соработник и соработник од Законот за државните службеници.

(3) Инспектор може да биде службеник кој ги исполнува условите за звањето виш соработник и советник од Законот за државните службеници.

(4) Виш инспектор е службеник кој ги исполнува условите за звањето раководител на одделение од Законот за државните службеници.

(5) Помошник главен инспектор е службеник кој ги исполнува условите за звањето помошник раководител на сектор од Законот за државните службеници.

(6) Главен инспектор е службеник кој ги исполнува условите за звањето раководител на сектор од Законот за државните службеници.

## Раководење со Државниот инспекторат за шумарство и ловство

### Член 9

(1) Со Инспекторатот раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија.

(2) Мандатот на директорот трае четири години.

(3) За именување на директор се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(4) За директор на Инспекторатот може да биде именувано лице кое:

1) е државјанин на Република Македонија;

2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;

3) има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;

4) има минимум пет години работно искуство;

5) има еден од следниве меѓународно признати сертификати за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:

- ТОЕФЕЛ (TOEFEL) - најмалку 74 бода,

- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,

- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б (B2) ниво,

- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,

- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или

- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

## Член 10

(1) На предлог на директорот на Инспекторатот, министерот донесува акти за организација, работа и систематизација на работните места во Инспекторатот.

(2) Во актот за систематизација на работните места во Инспекторатот се утврдуваат работните места со посебни должности и овластувања.

## Член 10-а

(1) Директорот изготвува предлог на годишна програма за работа на инспекторатот и истата ја доставува до Инспекцискиот совет, најдоцна до 31 октомври во тековната година.

(2) Директорот ја донесува годишната програма за работа на инспекторатот во рок од седум дена од денот на приемот на согласноста од Инспекцискиот совет, односно најдоцна до 10 декември во тековната година доколку Инспекцискиот совет не ја разгледа и не достави согласност, односно забелешки во рокот утврден со закон.

(3) Врз основа на донесената годишна програма за работа на инспекторатот, директорот подготвува квартални планови за работа на секој инспектор кои збирно ги доставува на разгледување до Инспекцискиот совет најдоцна две недели пред почетокот на наредниот календарски квартал и тоа до 15 декември за првиот квартал од наредната година, до 15 март за вториот квартал, до 15 јуни за третиот квартал, односно до 15 септември за четвртиот квартал во тековната година.

(4) Во кварталните планови за работа за секој инспектор директорот задолжително го внесува бројот на планирани надзори во наредните три месеци, како и степенот на сложеност на секој од надзорите.

(5) Врз основа на кварталните планови за работа за секој инспектор директорот подготвува месечен план за работа, кој содржи и распоред на надзори по датуми и по субјекти на надзор.

(6) Директорот најдоцна две недели од почетокот на тековниот календарски квартал за претходниот до Инспекцискиот совет доставува збирни квартални извештаи за работата на секој инспектор и тоа до 15 јануари за четвртиот квартал од претходната година, до 15 април за првиот квартал, до 15 јули за вториот квартал, односно до 15 октомври за третиот квартал во тековната година.

(7) Директорот најдоцна до 1 март во тековната година до Инспекцискиот совет доставува годишен извештај за работата на инспекторатот за претходната година.

**Член 11**

Инспекторатот врши инспекциски надзор над спроведувањето и примената на законите и другите прописи од страна на државните органи, јавните претпријатија, трговските друштва, установите и здруженијата на граѓани, правни и физички лица кои вршат дејност од областа на шумарството и ловството.

Координација на работата на инспекторатот

**Член 12**

(1) За координација на работата се формираат пет одделенија надвор од седиштето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кои ги опфаќаат подрачјата на општините утврдени со актот на организација и за систематизација на работните места.

(2) Инспекторатот ги усогласува мерките за помош во организација, просторно материјално-финансиско и административно работење по региони и подрачја.

Координација на работата со инспекциите

**Член 13**

(1) Инспекторатот, заради постигнување на поголема ефикасност и дејствување на инспекторите каде што е потребно усогласено постапување на повеќе инспекции, ги усогласува плановите за работата на инспекторите, планира заедничко изведување на задачи од инспекцискиот надзор на различни инспекции и предлага формирање на групи на инспектори за заедничко спроведување на задачите и начинот на нивната работа.

(2) Инспекторатот расправа за заеднички прашања поврзани со проблемите при работата и за тоа го известува министерот и Владата.

## IV. ПОЛОЖБА, ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ИНСПЕКТОРИТЕ

1. Државни шумарски и ловни инспектори

**Член 14**

(1) Инспекторот е должен работите да ги врши совесно, стручно, ефикасно, уредно, навремено, политички неутрално и непристрасно.

(2) Инспекторот е должен постојано да се оспособува за вршење на своите задачи во согласност со програмата за обука која ја издава директорот на Инспекторатот.

Услови за инспектор

**Член 15**

(1) Инспектор од областа на шумарството може да биде лице кое:

- е државјанин на Република Македонија,

- има општа здравствена состојба,

- не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење на професија, дејност или должност,

- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - насока шумарство, што се докажува со уверение,

- има пет години работно искуство во областа,

- ги исполнува другите услови утврдени во актот за систематизација на работните места,

- поседува потврда за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и

- има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекторатот.

(2) Инспектор од областа ловство може да биде лице кое:

- е државјанин на Република Македонија,

- има општа здравствена состојба,

- не му е изречена казна со правосилна судска пресуда за забрана на вршење на професија, дејност или должност,

- има стекнато најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен - насока шумарство или ветеринарната медицина, што се докажува со уверение,

- има пет години работно искуство во областа,

- ги исполнува другите услови утврдени во актот за систематизација на работните места,

- поседува потврда за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење и

- има лиценца за инспектор од областа на надлежноста на инспекторатот.

Ограничување на вршење работа

## Член 16

Инспекторот не смее да врши работи, односно не смее да ги врши работите за друг работодавач од подрачјето на кое ги врши работите на инспекцискиот надзор, освен ако се работи за научна или едукативна дејност.

Чување на деловна и друга тајна, како и тајната на изворот

## Член 17

(1) Инспекторот е должен да ја чува тајната со која се запознал при вршење на задачите од инспекцискиот надзор. Должноста за чување на тајната останува и по престанокот на работниот однос како инспектор.

(2) Инспекторот е должен да ја чува тајната за изворот на пријавата и изворот на други информации врз основа на кои го врши инспекцискиот надзор.

Одговорност на инспекторот

## Член 18

(1) Инспекторот носи одговорност, ако:

1) при вршење на инспекцискиот надзорот пропушти извршување на задачи односно не преземе соодветни мерки кои во согласност со овој закон е должен да ги изврши, односно преземе;

2) не поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, односно не ги извести надлежните органи за кршењето на законите или другите прописи кои ги констатирал при вршењето на инспекцискиот надзор и

3) врши работи спротивно од членот 16 на овој закон.

(2) Прекршувањата од ставот (1) на овој член претставува дисциплински престап согласно со Законот за државните службеници и Законот за инспекциски надзор.

## V. ОВЛАСТУВАЊЕ НА ИНСПЕКТОРИТЕ

Вршење задачи од инспекцискиот надзор

### Член 19

(1) Инспекторот самостојно го врши инспекцискиот надзор, води управна постапка и издава решенија и заклучоци од управна постапка.

(2) При вршењето на инспекцискиот надзор инспекторот е должен да има легитимација со која се докажува неговото службено својство и при вршење на надзорот е должен да ја покаже ако тоа од него се побара.

(3) Легитимацијата од ставот (1) на овој член ја издава и ја одзема директорот на Инспекторатот.

(4) Формата и содржината на образецот на легитимацијата, како и начинот на издавањето и одземањето на истата, ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

### Член 20

(1) При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот носи работна облека со амблем, опрема за работа и е вооружен.

(2) Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство ја пропишува работната облека, изгледот на амблемот, опремата за работа и видот на оружјето што го носат инспекторите.

Овластувања на инспекторот

**Член 21**

(1) При вршење на инспекцискиот надзор кај правното или физичкото лице инспекторот има право да:

1) оствари увид во извршувањето на законите и другите прописи, при што субјектите од членот 11 на овој закон се должни да му обезбедат непречен пристап во вршењето на работите при инспекцискиот надзор и да обезбедат точни податоци и материјали доколку тој ги побара од нив;

2) врши надзор и контрола на спроведување на одредбите од Законот за шумите, Законот за ловството, Законот за заштита на растенијата, Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја, Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност и други прописи од областа на шумарството и ловството;

3) ги прегледа деловните книги, договори, документи и други исправи, како и работата и документацијата кога се водат и чуваат во електронски медиј, како и да побара нивна изработка во писмена форма која мора веродостојно да ја потврдува електронската форма;

4) ги сослуша странките и сведоците во управната постапка;

5) прегледа документи со кои може да се утврди идентитетот на лицата;

6) добие и употребува лични и други податоци од службените евиденции и други бази на податоци кои се потребни за вршење на инспекцискиот надзор бесплатно;

7) ги земе мострите на материјалите и опремата, за натамошно испитување бесплатно;

8) користи услуги на научни, стручни установи и стручни лица;

9) зема изјави од одговорните лица во правното лице, физичките лица, сведоците, заради утврдување на нивниот идентитет и да прибира податоци и

10) извршува и други работи кои се потребни за извршување на инспекцискиот надзор.

(2) При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторот е должен да ја одземе документацијата која му е потребна за испитување на состојбата, доколку смета дека постои оправдан сомнеж за кршење на законите и другите прописи.

Привремено одземање на предмети

**Член 21-а**

(1) Инспекторот може во рамките на вршењето на инспекцискиот надзор, привремено да одземе документи, материјали, средства и други предмети кои можат да послужат како доказ во соодветната постапка и е должен да му ги предаде на надлежниот орган за понатамошно постапување.

(2) Привремено одземените предмети од ставот (1) на овој член се задржуваат во склад кој ќе го одреди Министерството до донесувањето на правосилна одлука во постапката.

(3) Инспекторот е должен привремено да одземе предмети, согласно со Законот за шумите, Законот за ловството, Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност и Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја.

(4) Инспекторот е должен да му издаде потврда на субјектот на надзорот од кого привремено се одземаат предмети.

(5) Формата и содржината на образецот на потврдата од ставот (4) на овој член ја пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Пристап во простории и објекти

**Член 22**

(1) Правните и физичките лица се должни да му овозможи на инспекторот непречено вршење на задачите од инспекцискиот надзор.

(2) Инспекторот има право без претходно известување и без дозвола на лицата од ставот (1) на овој член, без оглед на работното време, да влезе во просториите и објектите и пристапи кон опремата и направите, доколку со закон поинаку не е определено.

(3) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот наиде на физички отпор од лицата врз кои се врши надзорот или лицата не дозволат влегување во просториите и објектите или доколку таков отпор очекува, е должен да побара помош од Министерството за внатрешни

работи. Трошоците за влегувањето и евентуалната штета која притоа може да настане се на товар на лицата врз кои се врши надзорот.

(4) Министерството за внатрешни работи им дава помош на инспекторите согласно со одредбите од Законот за внатрешни работи.

## VI. ПОСТАПКА ПРИ ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

Одземање на овластувањето за водење на постапка

### Член 23

Директорот може на инспекторот да му го одземе овластувањето за водење на веќе започната постапка и работата да ја додели на друг инспектор само во случаи:

1) ако е дадена причина за изземање по законот кој ја регулира општата управна постапка и

2) кога е поведена дисциплинска постапка против инспекторот.

### Член 24

(1) За извршениот инспекциски надзор инспекторот е должен да состави записник во три примероци за констатираната состојба во работењето на правното или физичкото лице.

(2) Примерок од записникот од ставот (1) на овој член му се доставува на одговорното лице во правното лице или му се врачува на физичкото лице кое присуствува при вршењето на инспекцискиот надзор.

(3) Ако инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор утврди неправилности, е должен да донесе решение со кое ќе нареди да се отстранат неправилностите во определен рок или ќе изрече управна мерка предвидена со закон или друг пропис.

Правно средство

**Член 25**

(1) Против решението на инспекторот од членот 24 став (3) на овој закон може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(2) По жалба против решенијата на инспекторот одлучува Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

(3) Жалбата изјавена против решението на инспекторот не го одлага извршувањето на решението.

Трошоци за инспекциската постапка

**Член 26**

Трошоците направени при инспекциската постапка кои биле итни за утврдување на дејствија, кои докажуваат дека лицето го кршело законот или други прописи, се на товар на лицето.

Мерки на инспекторите

**Член 27**

(1) Доколку инспекторот при вршење на инспекцискиот надзор утврди дека е прекршен закон или друг пропис, односно друг акт чиешто спроведување го надгледува, има права и должности да:

1) одреди мерки за отстранување на неправилностите и недостатоците во законски утврден рок;

2) спроведе мерки во согласност со Законот за прекршоците;

3) поднесе пријава за сторено кривично дело кое се гони по службена должност;

4) предлага на надлежниот орган спроведување на мерки и

5) одреди други мерки и да изврши дејствија за кои е овластен со закон или други прописи.

(2) Доколку инспекторот утврди дека обврзникот со извршениот прекршок се здобил со имотна корист, на надлежниот орган му предлага нејзино одземање.

(3) Во случај кога инспекторот при вршењето на инспекцискиот надзор ќе утврди повреда на закон или друг пропис кој е во надлежност на друг орган, е должен веднаш да го извести соодветниот надлежен орган.

Итна постапка

**Член 27-а**

(1) Постапката по барањата и пријавите на инспекторите е итна.

(2) Надлежниот орган е должен веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на поднесувањето да ги земе во разгледување барањата и пријавите на инспекторите, доколку не е определен пократок рок со овој или друг закон од членот 21-а став (3) на овој закон.

Соработка на инспекциските служби во вршење на заеднички надзор

**Член 27-б**

(1) Заради вршење на заеднички надзор, Инспекторатот е должен да:

1) ги усогласи програмите и плановите за работа;

2) го планира заедничкото вршење на надзорот и

3) разменува искуства и да ги усогласува ставовите за начинот и методите на работа и други прашања.

(2) Заради вршење на заеднички надзор инспекторатите, организационите единици во рамките на другите органи на државната управа и единиците на локалната самоуправа и градот Скопје

одржуваат заеднички состаноци, консултации, советувања и други облици на меѓусебна соработка.

(3) Заедничкиот надзор согласно со ставовите (1) и (2) на овој член ќе се врши со:

1) Државниот пазарен инспекторат;

2) Државниот инспекторат за земјоделство;

3) Државниот инспекторат за животна средина;

4) Агенцијата за храна и ветеринарство;

5) Фитосанитарната управа - Одделение за фитосанитарна инспекција и

6) по потреба и со други државни органи и институции.

Превентивни мерки на инспекторот и предупредувања

**Член 28**

Со цел на превентивно дејствување, инспекторот ги презема следниве мерки:

1) одговара на писмени прашања на поединци, претпријатија и институции кои се однесуваат на дејствување на инспекцијата;

2) преку медиумите ја известува јавноста за утврдените неправилности, како и за последиците за повреда на законите и другите прописи и

3) на друг начин дејствува во смисла на едуцирање на јавноста.

## VII. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 29**

(1) Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако:

1) на инспекторот не му овозможи непречено вршење на надзорот (член 22 став 1);

2) на инспекторот не му овозможи во определениот рок пристап до просториите, производите, документите или кое било друго средство кое е предмет на инспекцискиот надзор (член 22 став 2) и

3) не постапи по барањето, односно наредбата на инспекторот (член 24 став 3).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице, за прекршоците од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на службено лице за прекршоците од став (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршоците од ставот (1) на овој член.

**Член 29-а е избришан.**

**Член 30**

(1) За прекршоците од членот 29 на овој закон, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, инспекторите ќе спроведат постапка за порамнување.

(2) Доколку сторителот го признае прекршокот инспекторот на сторителот ќе му издаде прекршочен платен налог заради наплата на глоба предвидена за прекршокот. Со потпис на прекршочниот платен налог се смета дека сторителот на прекршокот се согласува да ја плати предвидената глоба.

(3) Сторителот на прекршоците од ставот (1) на овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметка на Буџетот на Република Македонија означена во прекршочниот платен налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во дадениот рок ќе плати само половина од изречената глоба утврдена во прекршочниот платен налог.

(4) Ако сторителот на прекршокот од ставот (1) на овој член не ја плати глобата во рокот определен во ставот (3) на овој член инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.

(5) Инспекторите се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот од покренатите постапки.

(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член, се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, бројот на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот од постапката.

(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член се чуваат пет години од денот на внесувањето во евиденцијата.

(8) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

## Постапка за порамнување

## Член 30-а

(1) За прекршоците од членовите 29 и 30 на овој закон, пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд, инспекторите ќе спроведат постапка за порамнување.

(2) Доколку сторителот го признае прекршокот инспекторот на сторителот ќе му издаде платен налог заради наплата на глобата предвидена за прекршокот. Со потпис на платниот налог се смета дека сторителот на прекршокот се согласува да ја плати предвидената глоба.

(3) Сторителот на прекршоците од ставот 1 на овој член е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на платниот налог на сметка на Буџетот на Република Македонија означена во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во дадениот рок ќе плати само половина од изречената глоба утврдена во платниот налог.

(4) Ако сторителот на прекршокот од ставот 1 на овој член не ја плати глобата во рокот определен во ставот 3 на овој член инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.

(5) Инспекторите се должни да водат евиденција за покренатите постапки за порамнување и нивниот исход.

### Член 31

Согласно со одредбите на овој закон покрај изречената глоба за прекршокот од членовите 29 и 30 на овој закон на сторителите ќе им се изрече и прекршочна мерка, одземање на предмети, употребени или наменети за извршување на прекршокот.

### Член 32

Постапките за извршување на прекршочните санкции по овој закон ќе се водат пред надлежниот суд.

### Член 32-а

Одмерувањето на висината на глобата за правните лица се врши согласно Законот за прекршоци.

## VIII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 33

(1) Поблиските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До донесување на прописите од ставот (1) на овој член ќе се применуваат постојните прописи.

### Член 34

Овој закон влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## ВАЖЕЧКИ ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ ОД НОВЕЛИТЕ НА ЗАКОНОТ

I. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/11

**Член 11**

Одредбите од членовите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 на овој закон ќе започнат да се применуваат со започнување на примената на Законот за инспекцискиот надзор.

II. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/14

**Член 2**

Директорот на Државниот инспекторат за шумарство и ловство именуван до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

III. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/15

## Член 5

Одредбите од членот 2 со кој се дополнува членот 21 став (1) точка 2) и член 3 со кој се дополнува членот 21-а став (3) од овој закон ќе отпочнат да се применуваат од денот на отпочнувањето на примената на Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност („Службен весник на Република Македонија" број 199/14).

IV. „Службен весник на Република Македонија“ бр. 83/18

## Член 3

Одредбите од членот 9 став (4) точка 5) од Закон за шумарска и ловна инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 88/2008, 6/10, 36/11, 74/12, 164/13, 43/14, 33/15, 149/15 и 53/16) и одредбите од членот 1 од овој закон со кој членот 9 став (4) точка 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

## Член 4

Директорот кој е именуван во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година,е должен да го исполни условот за познавање на странски јазик најдоцна во рок од една година од денот на неговото именување.

На директорот кој нема да го исполни условот за познавање на странски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член му престанува мандатот.